Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 20-2837/22

04.05.2020 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 112 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19), Министерот за здравство, донесе:

# ОДЛУКА
## За избор на најповолна понуда

Министерство за здравство на РСМ – Скопје, оптпочна постапка со преговарање без претходно објавување на оглас согласно член 55 став 6 бр.20-2837/3 со предмет на набавка **Медицинска опрема за потребите на Министерство за здравство на Република Северна Македонија** - согласно тендерската спецификација,

За најповолна понуда во Постапката на јавната набавка **Медицинска опрема за потребите на Министерство за здравство на Република Северна Македонија - РТГ мобилен апарат количина 2**, бр. 20-2837/3 за доделување на договор за јавна набавка се избира следнава понуда:

| ДЕЛ | Понудувач | Вкупен износ без ддв |
|---|---|---|
| ДЕЛ 1<br>РТГ мобилен апарат количина 2 | ДТУ Соникс Анастасија ДООЕЛ | 10.400.000 ден |

Договорниот орган во оваа постапка согласно објавениот оглас и тендерската документација има предвидено Изјава за сериозност на понудата. Договорниот орган ја активира изјавата за сериозност на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- не обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Доколку дојде до прекршување на Изјавата за сериозност, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Согласно Извадокот од Нацрт – записникот од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2020 година во „ТОЧКА 3 по задолжување на Владата да Министерството за здравство да обезбеди/пренамени средства за потребната медицинска опрема за итна јавна набавка и тоа во точките 1, 2 и 3 (50 апарати за механичка вентилација, 2 две термални камери и два мобилни РТГ апарати )Министерстото за здравство на Република Северна Македонија спроведе постапка со преговарање без претходно објавување на оглас 20-2837/3 и во истата не изврши избор за предметот на набавка. Согласно Уредбата со законска сила Владата на Република Северна Македонија, на 34-та Седница одржана на 03.04.2020 година, усвои Уредбата за интервентна набавка на респираторни машини за време на вонредна состојба, објавена во "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/20 од 04.04.2020 година, со која се набават респираторни машини, па од наведеното потреба за набавка останува само РТГ мобилни апарати.
Во врска со потребата од преземање на дополнителни и заострени мерки и активности за превенција од ширење на корона вирусот COVID19 и насоките на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи и на препораките на Комисијата за заразни болести на Министерството за здравство, Министерството за здравство на РСМ поднесе барање до Бирото за јавни набавки за давање на мислење за отпочнување на постапка за набавка со преговарање без претходно објавување на оглас. За истото од страна на Бирото за јавни набавки добиено е Известување за спроведување на постапката број 18-637/2 од 03/04/2020 година

| Рб | Понудувач | Место | Адреса |
|---|---|---|---|
| 1 | Експекта Медикал | Скопје | Ул. Козле бр. 9А-1 |
| 2 | Био Медика Скопје | Скопје | 16-та Македонска Бригада10/4 |
| 3 | Би-Мек ДОО Скопје | Скопје | Ул. Јуриј Гагарин 316 |
| 4 | Фармас МН ДООЕЛ Скопје | Скопје | Ул. Борис Трајковски 60а |
| 5 | Нет Електроникс ДООЕЛ Скопје | Скопје | Ул. Скупи бр. 55 |
| 6 | ДТУ СОНИКС Анастасија Дооел ивос извос | Скопје | Ул. Душко Бојковски бр.4 |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

За начинот на работата и постапката спроведена од Комисијата за јавни набавки за наведената постапка состави Записник од јавното отварање на понудите бр. 20-2837/11 од 13-04-2020 година.

По целосната проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Министерот достави Извештај од спроведена постапка бр. 20-2837/22 од 29-.04-2020 година, со кој предлага Министерот на Министерство за здравство на РМ – Скопје како овластен да донесе одлука за избор на најповолен понудувач согласно член 112 од законот за понудите кои во целост ги исполниле условите од огласот (тендерската документација).

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа долука.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Одлука незадоволниот економски оператор има право да поднесе жалба врз основа на член 138 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019).
Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН, согласно член 142 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019).
Жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на приемот на оваа Одлука за избор на најповолна понуда согласно член 147 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019).

Подготвил: Александар Вељановски

Одобрил: Тања Пехчевска

МИНИСТЕР

Доц.Д-р Венко Филипче

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT – MINISTRIA E SHËNDETËSISË – РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО – СКОПЈЕ – SHKUP


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk